**Врз основа на член 41 став 9 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03,19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11 и 135/11), министерот за финансии, донесе**

# ПРАВИЛНИК ЗА ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДАНОЧНАТА ПРИЈАВА НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на даночната пријава на данокот на додадена вредност.

## Член 2

Даночната пријава на данокот на додадена вредност се поднесува на образецот "ДДВ-04", кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на даночната пријава на данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" број 128/2010).

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 20-37195/4
7 декември 2011 година
Скопје

Министер за финансии,
**м-р Зоран Ставрески, с.р.**